# ЗАКОН

## за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија

### Член 1

Во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр. 36/90 и "Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009 и 42/10), во членот 19 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "и тоа:

- три месеци, ако функцијата ја вршел до шест месеци,
- шест месеци, ако функцијата ја вршел од шест месеци и еден ден до 12 месеци,
- девет месеци, ако функцијата ја вршел од 12 месеци и еден ден до 24 месеци и
- 12 месеци, ако функцијата ја вршел 24 месеци и еден ден и повеќе."

Во ставот 3 зборовите: "наполнил 40 години стаж на осигурување или 65 години живот" се заменуваат со зборовите : "ги исполнил условите за стекнување право на старосна пензија, согласно со закон".

### Член 2

Во членот 21 зборовите: "наполни 40 години стаж на осигурување или 65 години живот" се заменуваат со зборовите: "ги исполни условите за стекнување право на старосна пензија, согласно со закон ".

### Член 3

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/09 и 42/10), во членот 1 ставот 2 се менува и гласи:

"Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2012 година може да се зголемат за 10% започнувајќи со исплатата за септември 2012 година."

### Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2009 и 42/10), членот 2 се менува и гласи:

„Основицата утврдена согласно со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ( “Службен весник на СРМ” бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија, број  38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007 и 161/2008), во износ од 23.153 денари, се применува заклучно со исплатата на платите за декември 2011 година, а од јануари 2012 година се применува основица во износ од 25.726  денари.“

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".